## Резиме

Реализираното истражување се однесува на испитувањето на развојот на ликовните способности кај децата од раноучилишната возраст при моделирањето на човечката фигура.

Истражувањето се спроведе во тек на наставниот процес по предметите Ликовно образование и Ликовно воспитание. На децата им се даде можност да ги претставаат своите ликовни способности при моделирање на човечка фигура во глина и пластелин. Со истражувањето се доби широк спектар на моделирани човечки фигури, произведени од страна на децата на различна возраст, преку кои беа идентификувани различните способности на децата, што беше поставено како цел на истражувачката работа - идентификување на разликите во способностите за моделирање на човечката фигура кај деца од различна возраст (од 5, 8 и 10 години).

Истражувањето опфати: анализа на изработените ликовни дела во поглед на застапеност на комплексноста, симетријата, рамнотежата, големината, движењето, познавањето, половите разлики и разликите во моделирањето кои потекнуваат од материјалот за изработка; анализа на постоечките наставни планови и програми по предметите Ликовно воспитание и Ликовно образование и анализа на ставовите на наставниот кадар во врска со условите и реализацијата на наставно-воспититниот процес по овие предмети.

За ова истражување се применети следните методи/техники на работа: дескриптивно - експликативна метода, техника на анализа на педагошката документација, партиципативно набљудување, прибирање и анализирање на детските/ ученички трудови.

Резултатите од ова истражување покажуваат дека постојат разлики во ликовните способности при моделирање на човечка фигура кај децата од 5, 8 и 10 годишна возраст, што несомнено покажува дека постои развој на ликовните способности со зголемување на возраста. Анализите на постоечките наставни планови и програми, како и ставовите на наставниците/воспитувачите, насочуваат кон ниска застапеност на моделирањето во наставно-воспитниот процес, а согласно тоа и потреба

за осовременување на наставните програми и обезбедување на услови за успешна реализација на ова ликовно подрачје.

***Клучни зборови:*** моделирање, развој на ликовни способности, човечка фигура.

# DEVELOPMENT OF ART COMPETENCIES IN CHILDREN OF EARLY SCHOOL-AGE, REPRESENTING THREE-DIMENSIONAL CONCEPT OF HUMAN FIGURE MODELLING


## Abstract

The represented research is based on examining the development of art competencies in children of early school-age, while modeling a human figure.

The research was conducted during the education process of the subjects Art upbringing and Art education, children were allowed to represent their art competencies by modeling human figure in clay or playdough. The research has resulted in wide variety of three-dimensional human figures, made by children of different age. The figures were subjected to identification of children's art competencies, which was the main aim of this research-defining the differences of art competencies in modeling human figure in children of different age (5, 8 and 10 years).

The research consisted of: analysis of the artwork done by children, by complexity, symmetry, balance, size, movement, familiarity, sex differences and differences in material in the artworks; analysis of the current curriculum of the subjects Art upbringing and Art education and analysis of the stand/opinions of education staff professionals related to the conditions and the realization of the educational/upbringing process.

This research was conducted using the following techniques/methods: descriptive-explicative methods, analysis of the pedagogical documentation, participative observation, collecting and analyzing children's artwork.

The results of the research have shown that there are differences in art competencies in children aged 5, 8 and 10 years, and undoubtedly, development of art competencies exists and progresses with age. The analysis of the current curriculum, and the stand/opinions of education staff professionals, confirm the low proportion of modeling in the education/upbringing process, and the need of modernization of the curriculum and providing adequate conditions for succesfull realization of this art area.



***Key words:*** modeling, development of art competencies, human figure.